ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ
И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ
СКОПЈЕ

#Policies brief on the Macedonian political crisis following the resignations of the ministers in the Government

# РЕШЕНИЈА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА КРИЗА ПО ОСТАВКИТЕ НА МИНИСТРИТЕ ВО ВЛАДАТА

## - АНАЛИЗА ОД АГОЛ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР –

БРИФ

# РЕШЕНИЈА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА КРИЗА ПО ОСТАВКИТЕ НА МИНИСТРИТЕ ВО ВЛАДАТА -АНАЛИЗА ОД АГОЛ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР –

Скопје, мај 2015

**РЕШЕНИЈА ЗА МАКЕДОНСКАТА ПОЛИТИЧКА КРИЗА ПО ОСТАВКИТЕ НА МИНИСТРИТЕ ВО ВЛАДАТА**
**-АНАЛИЗА ОД АГОЛ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР –**

**Издавач**
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

**За издавачот**
Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје
ул. „20 Октомври“ бр.8, 2 кат, 1000 Скопје
*Тел/факс +389 (0)2 3 113 059*
*email info@isshs.edu.mk*
*www.isshs.edu.mk*

**Автори:**
Катерина Колозова
Артан Садику

**Copyright*** Institute of social sciences and humanities - Skopje. All rights reserved. Except for the quotations of short passages for the purposes of criticism and review, no part of this publication may be reproduced, stored in a retrieval system, or transmitted in any case or by any means, electronic, mechanical, photocopying, recording or otherwise, without a prior permission of the publisher.

## 1. Македонскиот ќорсокак и трите можни излези од него

Деновиве, погледнато оддалеку Македонија наликува на боксерски ринг со два изморени боксери во клинч. ВМРО-ДПМНЕ одамна ја наметна својата авторитарна визија на владеење. По објавувањето на снимките кои го документираат владеењето на ВМРО-ДПМНЕ, водството на партијата ја изгуби довербата кај сите објективни граѓани. СДСМ, после долги години лутање во опозициски води, со право бара промена и оставка на оваа влада.

Важно е да истакнеме дека политичката ситуација нема само партиска димензија туку и истакната граѓанска димензија. Од почетокот на студентските протести по повод репресивниот закон за високото образование усвоен во јануари 2015 преку протестите за хонорарните работници па сѐ до протеститите на 5 мај 2015 на кои се побара оставка на Владата, процесите на општествена преобразба ги водеше граѓанското движење во Македонија. Голем дел од ова движење е резултат на директни граѓански иницијативи, а не на политички партии или партија. Како такво не е организирано во класична форма и тоа во тројна смисла на зборот: а) одлуките се носат по пат на директна партиципативна демократска расправа и консензус, б) иницијатори и водачи не се невладини организации, и в) дејствување на сите индивидуалци е исклучиво волонтерско и протестно. На автентичното граѓанско движење му е потребно да ја одржи својата автономност и првичната резервираност кон сите најголеми партиски субјекти во Македонија, и позициски и опозициски. Подлогата на дејствување на сите видови пленуми беше надпартиска а мотото дека политичкото е од онаа страна на партиските интереси и логика. Од таа позиција на партиска хетерогеност, движењето има легитимитет и обврска да предложи свое видување за излезите од кризата.

Во услови кои главната опозициска партија не учествува во работата на парламентот, никој нема да верува во веродостојноста на избори организирани од оваа влада. Кое е

најдоброто решение или најмалото зло за Македонија денеска?

Многубројните аналитичари, политичките партии и медиумите лиферуваа три решенија до сега. Првото е од луѓето блиски на ВМРО ДПМНЕ кое инстистираат на продолжување на своето владеење сметајќи дека е доволна смената на три од своите функционери. Лидерот на СДМС, спомена две можности, едната за експертска влада а другата за технократска влада, кои ние овде ќе ги третираме како исто решение  Влада на национален  спас е третата опција, која се споменува од страна на аналитичари кои се свесни дека сегашната состојба може да се надмине само со дијалог и политички компромис.[1]

## **Што добива а што губи Македонија во секоја од овие опции?**

Опцијата 1: Одржување на status quo: Снимките на прислушкуванието разговори во голема мерка ги потврдија стравовите на граѓаните според анкета спроведена од Македонски центар за европски тренинг од јули 2014-та, според која  57% од испитаниците сметаат дека властите знаат кој како гласал, а 64% сметале дека власта ги прислушкува своите политички противници. 65% од испитаниците се против спектакуларните апсења кои се покажуваат во живо на телевизија. 79% од испитаниците изјавиле дека вработувањата во државните институции е нефер да се базирани на партиско членство.

Недовербата и стравот кај граѓаните не зачудува ако се знае дека институтициите на власта делуваат недемократски веќе подолго време. Од декември 2012 кога опозицијата буквално беше избркана од Собранието, замре и минимумот парламентарна дебата. Јавниот медиумски сервис, МРТВ,  информира само во интерес на владејачките партии. Најголемиот број приватни медиуми се исто така под контрола на власта, додека судството целосно ја изгуби својата независност. Ветувањата за економски подем  не се материјализираа во секојдневните животи на граѓаните. Веројатно единствената позитивна димензија на

[1]Heather Grabbe, "The deep roots of Macedonia's current turmoil – and the way forward," Open Democracy (13.05.2015), available at https://www.opendemocracy.net/can-europe-make-it/heather-grabbe/deep-roots-of-macedonia%27s-current-turmoil-%E2%80%93 and way-forward

сегашната влада е макро-економската стабилност на денарот и релативно високите државни резерви. На кратко, оваа опција е одамна банкротирана и власта може да ја одржува само со сила.

Опцијата 2: Експертска и/или техничка влада: Преодна влада е, секако, нужна за да обезбеди услови за фер и демократски избори. Но преодната влада во вака метастастазирано општество треба да обезбеди и минимум демократизација на институциите и јавноста. Таквата одлука треба да произлезе од цврста политичка волја. Потполно партизирана администрација како и експертска јавност е темелно неспособна да изведе таков потфат. Дури и најтехничкиот дел од сопствените обврски нема да може да го изведе без компромитација на процесот.

Опцијата 3: Влада за национален спас: Сите политички актери треба да ја преземаат полната одговорност за излез од драматичната состојба во која се наоѓа Македонија. Тоа значи дека сите завојувани партии треба да влезат во широка коалиција за национален спас и со тоа ја преземаат одговорноста за излезот. Во овој процес нивниот придонес ќе стане и транспарентен и отчетен бидејќи не постои можност сите чинители да се кријат зад паравани како експерти и администрација. Оваа влада треба и да ги принуди политичките актери да разговараат, да научат да водат дијалог и да ја делат одговорноста за раководењето на државата. Широка коалиција е решение кое меѓународната заедница го менторираше и за чиј успех гарантираше во периодот на конфликот во 2001. Ова го прави овој модел на решение поприфатлив од моделот на експертска или техничка влада.

Третата опција е поповолна за граѓанското општество како битен чинител на промените што настанаа во изминатиот период. Подолу ќе се обидеме да објасниме зошто.

Каква и да е формата на преодната Влада, таа не смее да трае помалку од 12 а идеално 18 месеци, со цел да се исчистат темелно избирачките списоци, да се санираат штетите од политичката ескпалација и поларизација на општеството, да се

демократизираат медиумите и да се воспостави поволна општа клима во јавноста која ќе овозможи автентичен демократски избор за граѓаните.

## Како граѓанското движење може да влијае да ги претвори своите заложби во политичка стварност?

Влада на национален спас  ќе му овозможи на граѓанското движење  да продолжи со својата битка за демократски и функционални институции, независни од партиските интереси . Со ова, улогата на граѓанското движење во општествените промени ќе биде легитимирана и ќе се повлече линија на разграничување во однос на партиите. Граѓанско движење „Солидарност" веќе објави проглас во кој повикува токму на Влада на национален спас.

Со оглед на фактот дека клиентелизмот претставува општа политичка култура во Македонија, јавните личности етаблирани како експерти пред појавата на грасрут протестните движења се покажаа како политички пристрасни до степен што предизвикуваат длабока недоверба во поглед на нивната независност. Во текот на студентските и професорските протести, средношколските и наставничките пленуми, како и движењето на хонорарните работници, нови застапувачи на нови идеи се појавија директно од самите грасрут иницијативи. Засновано на податоци преземени од Фридом Хаус и други релевантни меѓународни извори, авторитетни студии како *Прирачникот за политичките промени во Источна Европа* соприреден од Стен Берглунд,[2] Македонија ја сместуваат во групата на држави во Источна и Централна Европа кои се стабилни хибридни режими од падот на комунизмот до денешен ден. Она што е различно од годината на објавување на споменатата студија до денес е што во Македонија се зацврсти хибридниот режим и се придвижи кон отворен автократски тоталитаризам. Според *Фридом хаус,* Македонија е рангирана како „делумно слободна земја" на граница со „неслободна", сместена на  120-то место во поглед на слободата на медиуми во 2013. Според *Репортери без граници*, Македонија денес е на

[2] Sten Berglund et al., The Handbook of Political Change in Eastern Europe (Edward Elgar Publishing: 2013), 4-10

алармантното 136-то место според слободата на печатот. Ова укажува дека формата на хибриден режим која постоела уште од 90-те ескалирала во правец на авторитарен тоталитаризам.

Од друга страна, фактот дека Македонија отсекогаш претставувала еден вид мека диктатура или хибриден режим[3] упатува на тоа дека можното враќање на претходната политичка гарнитура без притисок за менување на општата политичка парадигма значи и враќање на хибридниот режим во неговата претходна форма. За жал, ова би бил позитивниот исход. Полошиот и поизвесен исход е следниов: со оглед на силината на судирот меѓу најголемата владеачка и најголемата опизициона партија, и со оглед на револуционерноста на дискурсот присутна кај двете партии, Македонија ќе потоне во уште попродлабочена автократија доколку победата ја однесе премногу брзо само една од двете партии. За коренити промени, потребна е преодна влада на национален спас која ќе овозможи помирување и безбедни избори и ќе трае 18 месеци (или најмалку 12).

Владата на национален спас, исто така, би била верен одраз на определбата на граѓанското движење за надпартиска и надетничка мобилизација.

[3]Levitsky and Way, “The Rise of Competitive Authoritarianism,” Journal Of Democracy (2002): 51-65.

#Policies brief on the Macedonian political crisis following the resignations of the ministers in the Government

www.isshs.edu.mk